**Влада на Република Северна Македонија**

Канцеларија на претседателот на Владата

Дата: 27-03-2025

Архивски број: 08-374/36

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија"бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.259/2024), а во врска со Интерниот оглас бр. 1/2025, објавен на 20.03.2025 година на интернет страниците на Владата на Република Северна Македонија и на Агенцијата за администрација, за унапредување на административни службеници, шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за избор на 1 извршител - кандидат за унапредување на работно место Државен советник за политички прашања

1. За извршител на работите на работно место - Државен советник за политички прашања, УПР0101Б01000, при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, се избира кандидатот – Наталија Пешиќ Аката.
2. Именуваниот/ната ќе биде унапреден/а на работно место од предходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Комисијата за селекција на кандидати за унапредување, формирана со Решение на шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија бр.08-374/13 од 24.03.2025 година, во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, по објавување на Интерниот оглас бр.1/2025 на 20.03.2025 година на интернет страниците на Владата на Република Северна Македонија и на Агенцијата за администрација, за унапредување на работно место - Државен советник за политички прашања, со звање Државен советник, со шифра УПР0101Б01000, спроведе административна селекција и проверка на веродостојноста на доказите, а интервјуто за

наведеното работно место со именуваниот кандидат го спроведе шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

По спроведената административна селекција и проверка на веродостојноста на доказите, извршеното бодирање и интервјуто, Комисијата изготви конечна ранг-листа.

Врз основа на предложената ранг-листа, шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на прием на одлуката.

Владимир Нелоски
Шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата
на Република Северна Македонија

ДОСТАВЕНО ДО:

- Именуваниот/ната
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива